Дневни билтени

2015
- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021

# Извадок на дел од дневни настани 27.03.2021

На 26.03.2021 во 10.35 часот на Граничен премин „Долно Блаце“ од полициски службеници биле приведени Т.В.Ѓ.(43), турски државјанин, кој управувал товарно возило, со турски национални ознаки, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „криумчарење мигранти“, како и М.А.А.Х.(24) и А.А.(39), двајцата од Сирија, бидејќи при извршениот преглед во возилото двајцата биле пронајдени во него при обид за илегално поминување на државната граница. Лицата се предадени на полициски службеници од Одделението за прекугранинчен криминал и миграции за понатамошна постапка.

На 26.03.2021 во 15.15 часот на ул.„Штипска“ во Тетово од полициски службеници од СВР Тетово лишен од слобода е А.М.(42) од Тетово, кај кого е пронајдена и одземена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 26.03.2021 во 21.45 часот на пат кон с.Бардовци, скопско, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода е Ќ.С.(20) од Скопје, кај кого е пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 26.03.2021 во 18.00 часот на ул.„113“ во Тетово од полициски службеници од СВР Тетово лишен е од слобода Џ.Ш.(60) од Тетово, кај кого е пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 26.03.2021 околу 14.00 часот во Скопје на ул.„Македонско-косовска бригада“, патничко возило „опел агила“, со кумановски регистарски ознаки, управувано од И.С.(79) од Куманово удрило во велосипед, управуван од Б.З.(67) од Скопје. По незгодата велосипедистот бил пренесен во Комплекс клиники „Мајка Тереза“, каде му се констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на незгодата извршила екипа од СВР Скопје.

На 26.03.2021 околу 15.00 часот во Градски парк во Скопје од полициски службеници од СВР Скопје лишен е од слобода Р.А.(21) од Скопје, кај кого е пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 26.03.2021 во 19.50 часот на ул.„Штипска“ во Тетово полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода е Е.Б.(38) од Тетово, поради постоење основано сомнение дека сторил кривично дело „овозможување на употреба наркотични droги“, казниво по член 216 од Кривичниот законик. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 26.03.2021 во 18.45 часот на регионалниот пат Тетово - с.Јажинце, кај с.Непроштено, патничко возило „бмв“, со тетовски регистарски ознаки, управувано од Ф.М.(30) од с.Глоѓи, тетовско, удрило во малолетен пешак и М.А.(42), двете од с.Непроштено. По незгодата, пешаците се пренесени во Комплекс клиники „Мајка Тереза“, каде им се констатирани тешки телесни повреди. За настанот е известен Јавен обвинител, а увид на местото на незгодата извршила увидна екипа од СВР Тетово.

На 26.03.2021 во 12.40 часот во СВР Скопје, Љ.С.(51) од Скопје пријавил дека на ул. „Гемиџиска“ бил каснат од куче скитник.

На 25.03.2021 од страна на Одделот за криминалистичка полиција - Сектор за недозволена трговија со дрога оружје и опасни материи во координација со СВР Скопје до Основно јавно обвинителство Скопје поднесена е кривична пријава против С.Р.(47) од Скопје, за сторено кривично дело по чл. 215 од Кривичниот законик. Имено, по преземени истражни дејствија - претреси на дом и други простории на подрачје на Гази Баба во Скопје, при извршен претрес на дом и други простории каде што С.Р. живее, пронајдени се и одземени поголема количина на ампули дијазепам и 97 шишиња со метадон во амбалажа од по 10мл., поради сомнение дека илегално ги набавил и ги препродавал на нарко зависници. Од страна на Судија на претходна постапка од Основен кривичен суд Скопје на С.Р. му е одредена мерка притвор.

На 26.03.2021 во 18.30 часот, кај месноста „Осломејска раскрсница“, на магистралниот пат Кичево-Осломеј, при преглед во патничко возило „БМВ“, со скопски регистарски ознаки, управувано од И.Р.(40) од Скопје, полициските службеници пронајдоа и одзедоа пиштол марка „Застава“ калибар 9 милиметри, 29 куршуми и марихуана. И.Р. е приведен и против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против С.К.(48) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење“. Тој, на ул. „Шар Планина“ во Охрид, без одобрение за градба, изградил објект, за кој Одделението за инспекциски надзор при Општина Охрид донела решение за нејзино отстранување.

На 27.03.2021 во 00.30 часот во Полициска станица Центар, И.С.(19) од Скопје пријавил дека на 26.03.2021 околу 21.45 часот во и пред угостителски објект на подрачјето на Центар бил физички нападнат од Ж.К., А.М., М.К., Ф.М., С.Р. и И.С.. Лицата се повикани во полициска станица и известен е Јавен обвинител. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Гостивар поднесе кривична пријава против В.А.(28) од с.Чегране, гостиварско, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело ,,неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори“. На 08.10.2020 околу 22.00 часот, во близина на угостителски објект во Гостивар, при извршен преглед од страна на полициски службеници, кај В.А. била пронајдена и одземена марихуана.

На 26.03.2021 околу 21.40 часот во Крушево од полициски службеници од Полициската станица Крушево е приведен Н.Х.Л. (22) од Скопје, кој управувал патничко возило „хјундаи тусон“, со скопски регистарски ознаки, бидејќи при обид за негово запирање, пријавениот движејќи се со голема брзина ги довел во опасност полициските службенци, а потоа при приведувањето, физички ги нападнал. За случајот е известен Јавен обвинител и по негово целосно документирање ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 27.03.2021 околу 04.10 часот во Полициска станица Прилеп било пријавено дека настанал пожар во куќа во Прилеп, сопственост на В.П.(57), при што куќата е целосно опожарена, а пожарот е изгаснат од противпожарната единица од Прилеп. В.П. била пренесена во Општата болница Прилеп за укажување на лекарска помош, каде ѝ биле констатирани тешки телесни повреди. Извршен е увид.

На 26.03.2021 во 12.10 часот во Полициска станица Берово, М.С.(40) од с.Двориште пријавила дека на 25.03.2021 околу 16.30 часот во с.Двориште, нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од С.М. од истото село. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Берово поднесе кривична пријава против Љ.Т.(46) од с.Митрашинци, беровско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија“. На 15.03.2021 околу 02.30 часот, на регионалниот пат Берово-Кочани, кај с.Митрашинци, тој бил затекнат од сообраќајна патрола без дозвола за движење, во време на забрана за движење на сите граѓани од 22.00 до 05.00часот.

На 26.03.2021 во 17.40 часот во ОВР Кавадарци од Општата болница Кавадарци било пријавено дека кај нив дошла Б.Л.(22) од Кавадарци, која според пријавата се здобила со тешка телесна повреда додека била на работа во фабрика во Кавадарци. Полициски службеници излегле на местото на настанот и известен е Трудов инспектор и Јавен обвинител.

На 26.03.2021 во 18.15 часот во Полициска станица Радовиш, М.З.(32) од с.Злеово пријавила дека околу 11.30 часот во с.Злеово нејзиниот малолетен син, по претходна расправија со друг малолетник, бил физички нападнат од Г.С.(42) од истото село. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Крива Паланка поднесе кривична пријава против А.З.(22), државјанин на Молдавија, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија“. На 19.03.2020 во 23.55 часот во Крива Паланка, од страна на полициски службеници од Полициската станица Крива Паланка, А.З. била затекната како управува патничко возило „бмв“, за време на на забрана за движење на сите граѓани од 22.00 до 05.00часот, без да поседува дозвола за движење.

На 26.03.2021 во 15.45 часот во СВР Тетово било пријавено дека пред аптека во с.Чегране, по претходна расправија, С.Е. физички го нападнал М.З. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.03.2021 во 11.00 часот во Полициска станица Чаир, У.Ф.(50) од Скопје пријави дека од домот се оддалечил неговиот штитеник Д.И.(12), чиј старател е. Тој и досега во повеќе наврати го напуштал домот и бил враќан назад. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

ОВР Дебар поднесе кривична пријава против Е.Г.(23) од Дебар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија“. На 17.03.2020 во 02.15 часот, при вршење на контрола на пунктот „Шпилје“, тој бил затекнат како управува патничко возило за време на забрана за движење на сите граѓани од 22.00 до 05.00часот, без да поседува дозвола за движење.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет